# УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ГРАЃАНСКО-СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

- Центарот за социјална работа, како орган за старателство во секоја граѓанско- судска постапка може да има различна процесно правна улога и функција која треба да овозможи семејно-правната заштита.

- Во парничната постапка, центарот за социјална работа пред се може да има процесна положба на странка- тужител или тужен.

- Во парничната постпка во кој се одлучува за правата на детето, центарот за социјална работа е странка во функционална смисла од причина што штити субјективни права. Има овластување да поднесе тужбено барање во свое име но за туѓ интерес.

- Законот за семејство овозможува центарот за социјални работи да биде странка во функционална смисла за да оствари правна заштита во ситуации во кои изостанува иницијативата на еден од субјектите на семејно-правните односи или кога постои потреба да се заштитат субјективните права и интереси на детето.

- Може да поведе постапка за вршење на родителското право во свое име но во интерес на детето кога:

- не е донесена одлука за вршење на родитеслкото право иако родителите не живеат заедно;
- кога умрел родителот што самостојно го вршел родителското право, а родителскиот однос на другиот родител е познат но е утврден;
- кога треба да се одземе детето кое се наоѓа кај трето лице;
- кога на еден од родителите му се ограничува правото на одржување на лични контакти со детето.

- Во овие постапки кои ги поведува центарот за социјални работи против еден или двајца родители или трето лице, детето не е странка во постапката иако во парницата се штитат неговите права и интереси.

- Во нашето семејно право постои поделеност помеѓу судот и центарот за социјална работа во однос на надлежноста на државните органи за одлучувањето во вршењето на родителското право по разводот на бракот.

- ***Судот е надлежен*** да одлучува за доверувањето на чување и воспитување на заедничките деца и за нивното издржување по разводот на бракот врз основа на мислењето на центарот за социјална работа откако ќе ги испита сите околности.

- ***Центарот за социјална работа е надлежен*** во уредувањето на личните односи и непосредните контакти на децата со родителот кај кого не се доверени на чување и воспитување, при што ги има истите овластувања како и кога родителите се во брак.

- Центарот за социјална работа (како управен орган) има многу широки овластувања кои се од непосредно значење за развојот на децата, за разлика од судот. Ваквото решение е во спротивност со Конвенцијата за правата на детето на ООН, која по однос на уредувањето на овие прашања предвидува судска контрола и надлежност на судот секогаш кога се одлучува за правата и интересите на детето.

- ЦСР е орган на старателство кој има бројни ингеренции и овластувања кои се остваруваат во сферата на старателското право.

- Во рамките на брачното право, центарот за социјална работа дава мислење во постапката за издавање дозвола за склучување брак и учествува во постапката за мирење на брачните партнери кога имаат заеднички деца.

- Во рамките на родителското право пред центарот за социјална работа  се врши признавањето на вонбрачно татковство.

- ЦСР се јавува како странка во матернитетските и     патернитетските спорови, врши надзор над родителското право и поднесува предлог за одземање и враќање на родителското право и
- има исклучително широки овластувања во надзорот на вршењето на родителските права, како и во надзорот на одржување на лични односи и непосредни контакти со детето.

- *- ЦСР со решение може да го одземе детето од едниот родител и да го довери на чување и воспитување на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа кога родителите, односно родителот кај кого живее детето го запоставува детето во поглед на чувањето и воспитувањето или кога постои сериозна опасност за неговиот правилен развој и одгледување (чл. 87 ст.1 ЗС). Ваквото решение е во спротивност со Конвенцијата за правата на детето која предвидува судска контрола при донесување на одлуките со кои детето се одвојува од едниот или од двајцата родители.*

- *ЦСР носи одлуку за остварување на контакти помеѓу родителите и децата со кои не живеат заедно, ако по истек на законски предвидениот рок не постигнат согласност за тоа прашање.*

- Во македонското законодавство не постои законски пропис кој детално го регулира прашањето за видот и обемот на личните контакти помеѓу едниот родител и детето доколку не живеат заедно родителите. Одлуката за контактите е дискреционо право на центарот за социјална работа, што во практиката предизвикува чести конфликтни состојби кои негативно се одразуваат врз децата.

- Спорна е и одредбата според која центарот за социјална работа може да донесе решение со кое на родителот, кој подолго од три месеца не давал издржување на детето, ќе му го ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти, сè додека не ги извршува обврските спрема детето (чл. 87 ст. 2 ЗС).

- Центарот за социјална работа ќе донесе решение со кое на родителот кај кого детето не е доверено на чување и воспитување, ќе му го ограничи правото на одржување на лични односи и контакти со детето, доколку неоправдано повеќе од три пати непрекинато, не го почитувал решението на центарот за социјална работа

- Што доколку постоеле оправдани причини поради кои не било почитувано решението на центарот за социјална работа? Кој ќе ги утврди овие причини дали се оправдани или не, а од кои зависи правото на одржување на личните контакти на родителот со детето? Неминовна е потребата од судска контрола на ваквите одлуки кои имаат поголема тежина за разлика од управните.

- Истата констатација се однесува и на одредбата според која центарот за социјална работа може да донесе решение со кое ќе го даде детето на престој кај родителот на кого детето не му е доверено на чување и воспитание, одреден временски период, но не подолго од 15 дена, доколку повеќе од двапати едно по друго другиот родител неоправдано не го почитувал решението на центарот за социјална работа .

- Дали е оправдано истиот орган кој го носи решението да цени дали другиот родител оправдано или неоправдано не го почитувал решението?
- Се поставува прашањето дали сите три ситуации се подеднакво исти за да се подведат под толку тешка санкција оставајќи му широко дискреционо право на центарот за социјална работа да одлучува без попрецизни законски критериуми?
- Несомнена е потребата законодавецот да ги ревидира улогата и надлежностите на центарот за социјална работа и неговите ингеренции поврзани со вршењето на родителското право по развод на бракот да ги пренесе во судска надлежност.